**Дел. бр. 01-130/3**

**07.07.2022 година**

**с. Мало Коњари - Прилеп**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

„СТРАШО ПИНЦУР“ село МАЛО КОЊАРИ

ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

ЈУЛИ, 2022 ГОДИНА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# НА ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“ село МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

# ЗА УЧЕБНАТА 2021 /22 ГОДИНА

Во текот на учебната **2021/2022** година ООУ „Страшо Пинџур“ село Мало Коњари, својата дејност ја остваруваше според Годишната програма за работа на училиштето, наставните планови и програми од БРО, Календарот за организација на наставата во учебната 2021/22 година и неговите измени, Законот за основно образование, Развојната програма на училиштето со наведените приоритети, врз база на извештаи и заклучоци при интегрална евалуација, Статутот на училиштето, неколку Уредби со законска важност за време на вонредната сосотојба, како и добиени „Насоки за реализирање на наставата во второто полугодие од учебната 2021/2022 година“.

Отпочнувањето на учебната година беше навремено, а наставата се реализираше со физичко присуство на сите ученици. Додека отпочнувањето на второто полугодие заради пандемијата со корона вирусот Covid 19 беше пролонгирано до први февруари.

Карактеристично за оваа учебна година е и тоа што наставниот процес беше делумно во прекин заради штрајк на вработените во образованието од 11 до 29 април, 2022 година.

Како превенција од корона вирусот Covid 19 беа превземени сите потребни мерки и во централното и во подрачните училишта: ставени стикери – патокази за растојание во училишните дворови и холовите, одредена просторија за изолација, во училниците учениците седеа на соодветно растојание, се користеа дезинфекциони средства, а редовно се врши и проветрување и дезинфекција на училниците, холовите и санитарните јазли. На влезот во централното училиште беа поставени топломери за мерење на телесната температура, и средства за дезинфекција, а во подрачните училишта беа обезбедени соодветни топломери. Сите вработени, ученици, и родители кои доаѓаа во училиштето, носеа заштитни маски, се до нивното укинување за училиштата со протокол со законска важност.

Редовноста, дисциплината и хигиената од учениците се на високо ниво. Поведението кај сите ученици од прво до деветто одделение е примерно. Редовно се реализираа дополнителната настава и додатната (од второ одделение до деветто) и СУА-ти по желба на учениците и потребите во училиштето, како и другите вонаставни и вонучилишни активности.

Централното **ООУ „Страшо Пинџур“** е лоцирано во село Мало Коњари, општина Прилеп и опфаќа ученици и од подрачните училишта во селата:

Големо Коњари и Кадино Село, како и ученици од VI до IX одделение од село Славеј, кое припаѓа на општина Кривогаштани.

Училишните згради се наменски градени и служат само за потребите на училиштето. Зградата во централното училиште е изградена 1954 година од цврст градежен материјал со просторно нестандардни училници. Минатите години извршено е нејзино надворешно и внатрешно реновирање и препокривање. Училишната зграда на подрачното училиште во село Големо Коњари е изградена 1924 година, а во Кадино Село датира од 1949 година. Двете згради се изградени од цврст градежен материјал и во повеќе наврати се реновирани.

Во централното училиште има спортски терени со стандардни димензии за фудбал, кошарка и одбојка, како и големо заградено дворно место. Во склоп на истото имаме детско игралиште, со што им се збогатува рекреацијата на учениците за време на одморите и по завршувањето на часовите. Превозот за учениците е организиран и бесплатен. Влезот во училиштето го краси прекрасен парк од зеленило и цвеќиња кои секоја година се обновуваат. Во дворот на училиштето, во соработка со родителите имавме избушено бунар за техничка вода, кој не е во исправна состојба па планираме да го ресетираме.

Дворните површини се оградени, како во централното така и во подрачните училишта. Останатата површина е тревна и погодна за некои спортски активности, додека другиот простор е засаден со дрвја и цвеќиња.

Минатата учебна година, по препорака од интегралната евалуација, беше реновирана спортската сала во Централното училиште и се изградија нови соблекувални за учениците, а од задниот влез на ЦОУ беше изградена и пристапна рампа. Оваа учебна година, исто така по препорака од интегралната евалуација, беше ажурирана училишната библиотека – со податоци за: учебници, стручна литература и белетристика, со кои располагаме во централното и подрачните училишта.

Како и претходните, така и оваа учебна година, беа превземени планираните активности за подобрување на условите за работа во училиштето: се извршија внатрешни и надворешни санации на училишните згради, чистење на сите простории. Исто така, континуирано се ажурираа компјутерите во училиштето.

Со донација од МОН - со проектот „Компјутер за секој ученик“ училиштето располага со компјутери во сите училници. МОН и оваа учебна година обезбеди учебници за сите ученици од I до IX одделение.

Опременоста на училиштето со наставни средства и технички помагала е на задоволително ниво. Имаме четири СМАРТ табли – две во ЦОУ-те и по една во подрачните училишта, како и смарт ТВ во секоја училница каде нема

смарт табли, лаптопи за наставниците во секој кабинет, нови компјутери за информатичкиот кабинет, таблети за учениците од прво и четврто одделение добиени од Локалната самоуправа. Исто така, добивме подарок - спортска опрема од младинскиот спортски настан во кој учествуваа наши ученици „Ден за футсал“ – како дел од проектот „Јакнење на отпорноста кон насилен екстремизам на локалните заедници во Македонија (фаза II), поддржан од Британската амбасада.

Условите за учење и работа значително се подобрени, набавени се и клима уреди, како за наставничките канцеларии, така и во училниците. Печатачи има во подрачните училишта, а во Централното и фотокопири, со скенери, во канцелариите на вработените.

Сепак во училиштето и во иднина дополнително ќе се вложува во подобрување на материјално - техничките услови.

Карактеристично е и тоа што оваа учебна година настана промена на директорите, па во првото полугодие имаше еден директор, а во второто полугодие друг директор.

Наставата и другите активности од работата на целото училиште се одвиваа во 17 училници (9 се во одделенска настава, а 8 во предметна настава), кои се прилагодени како кабинети за соодветни предмети, една фискултурна сала и 5 канцеларии.

Оваа учебна година наставата се изведуваше со физичко присуство на учениците, а online за учениците кога некој од наставниците беше болен од корона вирусот.

Во Централното училиште во село Мало Коњари беа запишани 99 ученици, 28 во одделенска и 71 во предметна настава во 11 паралелки од кои 3 одделенска настава и 8 предметна настава. Во одделенска настава една паралелка беше комбинирана III и V одделение, а две паралелки во II и во IV одделение беа чисти паралелки. Во предметна настава сите паралелки се чисти.

Подрачното училиште во село Големо Коњари е целосно реновирано. Наставата се изведуваше со физичко присуство, во една предпладневна смена во 4 паралелки: една беше комбинирана паралелка од II и IV одделение и три чисти паралелки во I, III и V одделение. Во училиштето во село Големо Коњари учеа 31 ученик.

Во подрачното училиште во село Кадино Село оваа учебна година наставата се одвиваше со физичко присуство, предпладне, во две комбинирани паралелки: една комбинирана I- IV одделение со 6 ученици од коу 4 ученици во I одделение и два ученика во IV одделение, а другата III-V одделение имаше 4 ученици, по два ученика во секое одделение. Во Кадино

Село учеа вкупно 10 ученици. Всушност, во прво одделение беа запишани пет ученици, но во октомври се отпиша еден ученик заради промена на местото на живеење.

Наставата целосно се изведуваше на македонски јазик.

**Опфатеноста** на учениците од I до IX одделение, бројот на ученици, нивната распределеност по паралелки и редовноста е прикажан во табелите број 1, 2 и 3 од статистичкиот дел на извештајот, а нивниот успех во табеларниот извештај.

Од статистичкиот и табеларниот преглед се гледа дека од I до V одделение имавме 69 ученици (36 машки и 33 женски), распоредени во 9 паралелки (5 чисти и 4 комбинирани). Во предметна настава беа запишани 71 ученик (37 машки и 34 женски) во 8 чисти паралелки.

Оваа учебна година од I до IX одделение заврšија 140 ученици (73 машки, 67 женски).

**Воспитно - образовната работа** и останатата дејност во училиштето ја реализираа 27 наставници од нашето училиште, директор, стручен соработник - психолог, еден административен работник секретар и 4 помошни работници, како и педагог кој два дена дополнува од ООУ„Јонче Смугрески“ село Обршани. Сите вработени се со соодветно образование. Неколку наши наставници дополнуваат во други училишта, а неколку пак дополнуваат во нашето училиште.

Приоритетните задачи што ги поставивме за учебната 2021/2022 година ги реализиравме во голема мера:

1. Унапредување, професионален развој и стекнување на нови компетенции на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар

2. Осовременување на наставата преку примена на интерактивни методи и современи техники на учење во наставата

3. Планирање, организација и реализација на далечинско учење и примена на платформи и технологии за електронско учење

4. Подобрување на материјално-техничките услови во училиштето

5. Промовирање на училиштето на регионално, државно и светско ниво

6. Развивање на демократско партнерство меѓу учениците, наставниците, родителите и локалната власт

## РЕАЛИЗИРАНА ONLINE НАСТАВА

Пандемијата со корона вирусот Covid 19 сите не примора да бараме начини за online обраќање кон учениците, родителите, а и меѓусебно договарање и состаноци на вработените. Оваа учебна година online се одржаа неколку наставнички совети во првото полугодие, преку Microsoft Teams, како и некои родителски средби. Одделенските раководители, раководителите на паралелките имаат свои facebook групи, а потоа преку Messenger или по e-mail - со помош на компјутери, таблети, смарт телефони комуницираа со учениците и родителите. Исто така и останатите наставници од предметна настава и училишниот психолог, преку Microsoft Teams и смарт телефон ги реализираа дел од своите содржини. Како што веќе наведовме, неколку наставници кои беа во изолација заради корона вирусот наставата ја реализираа online.

Како начини на реализација беа користени: писмена комуникација на мрежите кои се користат и повратна информација - како фотографија од сработената активност, усна комуникација, тестови и работни материјали, учебници, работни листови во PDF, квизови, презентации од наставниците**,** повратни информации по зададените домашни работи, фотографии од завршени активности.

## РЕАЛИЗИРАНОСТА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ СКОРО Е ВО ЦЕЛОСТ :

### 1. Акционен план за следење, вреднување и унапредување на воспитно - образовната работа опфаќаше:

Планирањето, програмирањето и подготовката на сите нивоа беше ефективно. Континуирано следење, проверување и оценување на успехот на учениците и наставниците, како и континуирано стручно усовршување на раководниот, воспитно-образовениот кадар и стручната служба. Педагошката евиденција и документација се води редовно - од оваа учебна година само електронски, од која делови се печатат и се чуваат во посебни класери. Според програмата наставниците користат компјутер во наставата.

Периодично се изработуваа извештаи и анализи за успехот од учениците: по прво тромесечие, по прво полугодие, по трето тромесечие и на крајот од учебната година, со што родителите беа постојано известувани.

2. **Акционен план за здравствено воспитание**

Според програмата за **здравствена заштита** на учениците, во соработка со Медицински центар, учениците од I, III, V и VII одделение беа систематски прегледани, вклучувајќи и стоматолошки систематски прегледи и заливање на забите за сите ученици. Првачињата при уписот носеа потврди за нивната вакцинација според календарот за имунизација, потврда од стоматолошки преглед и потврда од офталмолошки преглед. Од раководителите на паралелките беа реализирани реферати - некои припремени од училишниот психолог, за превенција од болестите на зависност од пушење тутун, алкохолизам и други наркотици.

**Програмата за заштита од заразни болести** ја реализиравме на редовните часови од некои предмети (биологија, одделенските часови...), преку превентивни предавања за заштита од заразни заболувања, пред се совети за заштита од корона вирусот и превземање на заштитни мерки, кои ги наведовме на почетокот од извештајов.

Покрај поттикнувањето за континуирано одржување на личната хигиена и превенција од заразни заболувања, учениците беа поттикнувани на култура за здрава исхрана на редовните и одделенските часови .

3. **Акционен план за производна и друга општествено корисна работа во училиштето**

Во рамките на производствената и другата општествено корисна работа, беа организирани: работни еко-акции - со чистење на училиштето и училишните дворови.

Заради пандемијата не се одржа традиционалниот Велигденски панаѓур.

4. **Акционен план за Професионална ориентација и советување на младите**

Акциониот план за професионална ориентација и советување на учениците речиси во целост е реализиран.

Спроведена е анкета за професионалните интереси на учениците од IX одделение од страна на училишниот психолог на која не одговорија сите ученици, како и предавање за професионална ориентација и професионални интереси на учениците. Водени се индивидуални и фронтални разговори со

учениците и родители по повод „Конкурсот за упис во средните училишта“, покрај од психологот и од раководителите на паралелките од деветто одделение, кои им помогнаа електронски да аплицираат во СОУ-та, што беше новина оваа учебна година.

Сите општински средни училишта од Прилеп и Крушево извршија презентација на своите училишта пред учениците од IX одделение, а нашите ученици ги посетија, како што беше традиција и пред пандемијата со корона вирусот.

## 5. Акционен план за одбележување на празници и настани

Преку поставување на пригодни содржини на интернет платформата и facebook страната на училиштето, како и читање на реферати, рецитирање поезија, музички точки, еколошки акции, изработки од учениците и други активности одбележани се повеќе празници и настани:

- Денот на независноста на Република Македонија - 8ми Септември,
- Ден на учителот - 5ти Октомври
- Прием на првачињата во Детската организација, по повод Светскиот ден на детето и Детската недела
- 11 Октомври - Ден на востанието на Република Македонија,
- 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба,
- 1 Декември – Ден за борба против сидата,
- 8 Декември - Ден на Свети Климент Охридски,
- Денот на нашето училиште –5 Март, беше реализиран со реферат за патаронот и мала културна програма, на која присуствуваше и градоначалникот од Прилеп и други гости, кои приложија цвеќе на бистата од нашиот патрон Страшо Пинџур- во училишниот двор
- 8 Март- со работилници за изработка на чееститки за мајките и наставничките, како и свои пригодни програми,
- Учествувавме со пригодна програма од нашите ученици во одбележување на смртта од револуционерот Методија Патчев, во село Кадино Село, каде се наоѓа нашето подрачно училиште,
- Пригодно беше одбележан 5 Мај, Светскиот ден на мајчиниот јазик,
- 1 Ма ј- Денот на трудот,
- 4 Мај – посветен на загинувањето на револуционерот Гоце Делчев,
- 24 Мај - Ден на словенските просветители - Светите Кирил и Методија.

Годинешното промовирање на демократијата на т.н. „Отворен ден“ беше на тема „За децата од децата“, каде обилуваа еколошки содржини (еко кодекс, еко поезија, изработување плакати, еко акција за чистење на училишен двор...), работилница за климатските промени, за ненасилство, почитување на правата на децата и различностите. Активно учество зедоа учениците од сите одделенија, под координација на наставничката по граѓанско образование. Оваа учебна година имавме многу активности на редовните и вонраставните

часови, посветени на правата на децата, незаборавајќи ги и насоките за нивните одговорности.

## 6. Акционен план за реализација на МИМО активностите

Оваа учебна година не го реализиравме акциониот план за заедничка МИМО соработка со партнер училиштето „Никола Карев“ од Крушево, односно со подрачните негови училишта во селата Норово и Саждево, заради надворешни причини, меѓудругото и заради вонредната состојба со корона вирусот.

Училишниот „Тим за МИМО“ најпрвин за Годишната програма на училиштето изработи глобален план, а во мисијата и визијата имаме вметнати МИМО – елементи.

Беа одржани многу редовни часови со самостојни мултикултурни активности, посебно на одделенските часови, според прирачникот од ОЖВ. Се надеваме дека идната учебна година ќе ја обновиме заедничката соработка со партнер училиштето.

**Видови настава**

Наставата се организираше и изведуваше според програми за задолжителни и изборни наставни предмети што се изучуваат според Наставниот план за основното образование.

**Во изборна настава** беа следните предмети:

Во четврто одделение – Програмирање 1 и 2 во Мало Коњари, а во Големо Коњари и Кадино Село – прво полугодие Анализирање и пишување поезија, а второ полугодие Мултикултурни работилници. Додека во предметна настава беа: Запознавање на религиите во VI одделение, Техничко образование во VII, во VIII Вештини за живеење, а во IX одделение Проекти од информатика.

**Дополнителна настава** се изведуваше редовно скоро по сите предмети и одделенија, според месечни договори на наставниците и нивни планови. Во одделенска настава дополнителна се изведуваше од второ до петто одделение, најчесто по математика, македонски јазик, природни науки и општество. Во предметна настава дополнителна настава не се реализираше само по ликовно образование, етика, запознавање на религиите и по ФЗО.

**Додатна настава** оваа учебна година во одделенска настава реализираа сите наставници, по предметите македонски јазик, математика, природни науки и општество. Во предметна настава се реализираше по

следните предмети: англиски јазик, природни науки, македонски јазик, информатика, математика, хемија, француски јазик, географија...

Редовно се реализираа и СУА-ти.

Оваа учебна година се посвети внимание на темата корупција-антикорупција на часовите по Граѓанско образование, на одделенските часови во деветто одделение, како и на редовните часови во четврто одделение по предметот Историја и општество.

**Индивидуални програми за деца со посебни образовни потреби**

Оваа учебна година имавме четири ученици со пречки во развојот - три во одделенска настава, а еден ученик во предметна настава, со кои се работеше по индивидуална образовна програма. Во работата со овие ученици беа вклучени и стручните соработници од училиштето.

**Реализација на еколошката програма**

Наставниците работеа според нивните годишни планирања и скоро во потполност ги реализираа своите наставни програми со физичко присуство на учениците и покрај пролонгирањето на зимскиот распуст.

Беа пригодно, според условите, одбележани значајни еко – денови, со реферат, пишување еко – проза и поезија за .„21 Март - Денот на екологијата“ и 22 Април „Денот на планетата Земја“, кои беа објавени на Facebook страната и веб страната од училиштето.

Во текот на учебната година имавме многу изработени цртежи, плакати–постери, стикери со опомена за фрлање на отпадокот во корпите, за штедење на водата и електричната енергија, еко-поезија, како и изработки од отпаден материјал (пластчни кеси и хартија)... Исто така, дел од еко-содржините беа реализирани на т.н. „Отворен ден на училиштето“, кој, како што беше наведено оваа учебна година беше под мотото „Од децата - за децата“

Нереализираните еко активности со партнер училиштето, ажурирањето на еко патролите, поголема еко - соработка со локалната средина и локалната самоуправа, ќе останат задачи за наредната учебна година.

## ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Оперативната Годишна програма за работа во делот за вонаставните активности се состоеше уште од :

- Ученички екскурзии.
- Ученички натпревари,

Но, заради пандемијата со корона вирусот не се реализираа планираните повеќедневни ученички екскурзии. Беше изведен само еднодневниот излет до манастирот Свети Ѓорѓија во село Пашино Рувци. Исто така, нашите ученици со наставникот по физичко образование беа на зимување во Крушево, каде учениците имаа обука во скијање.

**Училишни, општински, регионални и меѓународни натпревари**

Учениците од нашето училиште учествуваа на разни училишни, општински, регионални и меѓународни натпревари на кои постигнаа значајни резултати и тоа:

- На меѓународниот карневал во Прилеп по повод Прочка учествувавме со изработени маски, при што добивме медаља за учество.
- На поетската меѓународна манифестација „Средба под јаворите,“ во Струмица, посветена на писателот Видое Подгорец,наш ученик од четврто одделение од Кадино Село доби прва награда во пишување поезија.
- Нашите ученици учествуваа на повеќе спортски напревари, посебно од нашиот спортски клуб „Dream teem schools“ - 40 ученици зедоа учество на трката „Сите на велосипед“, учество на општински натпревари во футсал-машки и футсал за женски , од 8 и 9 одделение, исто така и за вакви екипи од 6 и 7 одделение; Регионален натпревар во футсал за женски во Кавадарци за 8 и 9 одделение; Општински натпревар во одбојка, женски, за 6 и 7 одделение, натпревари во фудбал по повод Денот на училиштето од село Тополчани; Регионални натпревари во одбојка и футсал за женски ученици од 6 и 7 одделение, во Прилеп; Општински натпревар во фудбал. За учеството во трката за деца по повод „Денови на Крали Марко“ која се реализира на Марковите кули во Прилеп, - нашите ученици добија благодарници.
- Во нашето училиште го организиравме меѓународниот натпревар по англиски јазик HIPPO, на кој натпревар учествуваа 21 ученик, во март, а во април 2 ученика од 6 одделение, учествуваа во полуфиналето.
- На општински натпревар „Елтам“- по англиски јазик учествуваа 3 ученици од 6 одделение во ООУ„Гоце Делчев“ во Прилеп;
- На општински натпревар по природни науки, а потоа на регионален натпревар ученик од 6 одделение.
- На општински натпревар за 6 одделение по географија -1 ученик, како и еден ученик по математика.
- Во седмо одделение по еден ученик на: општински натпревар по математика и по географија; потоа регионален натпревар по овие предмети, а по географија и на државен натпревар.
- Од осмо одделение една ученичка и еден ученик учествуваа на натпревар по географија.

- Од 9 одделение една ученичка учествуваше на меѓународниот натпревар по англиски јазик HIPPO. Истата, учествуваше и на општински натпревар по англиски јазик, па на регионален и на крај на државен натпревар во Скопје.
- Тројца ученици од 8 одделение учествуваа на меѓународниот натпревар по англиски јазик HIPPO.

Родителите беа благовремено известувани за нашите претстојни активности и како директни или посредни учесници во истите.

**Мора да напомениме**, нашето училиште е во специфична средина, каде населението претежно се занимава со земјоделие и сточарство па нема многу слободно време. Паралелно со тоа, многу од родителите се вработија и во новоотворените фабрики, каде одат на смени. Наредната учебна година ќе настојуваме соработката со родителите и понатаму да ја зголемуваме.

Соработката со родителите се состоеше и од директни индивидуални контакти со училиштето (наставници, директор и стручни соработници) и на ниво на родителски средби. Беа одржани: две општи родителски средби, 4 посебни родителски средби на ниво на одделенија. На првата родителска средба на родителите им беше поделена Брошурата за работата на училиштето и постигањата на учениците, правата и обврските на учениците и нивните родители.

И оваа учебна година беше реализирано т.н.„Групно советување на родители и ученици“, организирано од училишниот психолог. При тоа, покрај взаемно информативниот разговор со родителите, психологот им ја предочи целта од ваквото советување, во кои случаеви се повикуваат родителите, законската обврзаност, програмата предвидена за прва и втора средба, правилен начин на учење, фактори за успех во учењето, за важноста на домашните задачи, за уписот во Средните општински училишта... Оваа учебна година имавме вакви средби, во склад со протоколот за заштита од корона вирусот. Покрај со родителите, психологот имаше информативно-советодавни и инструктивни разговори и со учениците, кои имаа три и повеќе слаби оцени.

Од **ученичките организации** функционираа: ученичките заедници во паралелките и на ниво на училиште Ученичкиот парламент.

УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ, работеше по своја програма, според Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Беа реализирани неколку состаноци од страна на училишниот психолог, а првиот го одржа директорката.

На демократски начин, со тајно гласање, беа избрани два ученика од деветто одделение-претставници на Ученички парламент, кои повремено ќе учествуваат при работата на Училишниот одбор, Совет на родители и

Наставнички совет (без право на гласање и со мандат од една година). Ученичкиот правобранител, заврши деветто одделение и согласно на законската обврска ќе се избере нов.

Работата на ученичките заедници беше координирана од одделенските раководители, директорот и повремено од училишниот психолог.

Редовно беа одржувани состаноци на одделенскиот совет, наставничкиот совет, состаноци на Совет на родители и состаноци на Училишниот одбор.

**Усовршувањето** на наставниците, директорот и стручните соработници беше претежно електронски.

Своето усовршување наставниците и директорот го постигнуваат и преку следење новитети од интернет, присуство на вебинари и други електронски обуки. Потоа, усовршување преку читање на стручна литература и списанија, како и соработка со колеги од други училишта, а и преку соработка со БРО, МОН, локалната самоуправа во Прилеп.

**Директорите** на училиштето се раководеа од сопствената програма за работа, Годишната програма за работа на училиштето и други активности кои произлегуваа од целокупниот живот и работа на училиштето.

Конкретно, директорите ги реализираа следните активности:

- Го подготвуваа дневниот ред за наставничкиот и одделенскиот совет (во соработка со стручните соработници) и ги водеа состаноците;
- Редовно вршеа посета на наставни часови за следење на наставниот процес, како во однос на планирањата, така и во однос на воведувњето на иновации во наставата, осовременувањето на наставниот процес и спроведувањето на програмата за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем;
- Во соработка со стручните соработници вршеа увид на педагошката документација ;
- Учествуваа со свои дискусии на наставнички и одделенски совет, родителски средби, Совет на родители, на состаноците од Училишниот одбор...
- Континуирано научно се надоградуваа преку учество на семинари, обуки и разни стручни средби и конференции (и електронски), континуирано следење стручна литература...
- Ја координираа целокупната работа во училиштето, посебно организациската;
- Раководеа со реновирањето и модернизацијата на училиштето;
- Учествуваа во ажурирањето на компјутерите во училиштето;

- Соработуваа со Државните просветни инспектори од МОН, Советникот за образование и овластен просветен инспектор од Локалната самоуправа, со БРО и со колеги и директори од други училишта, разни стручњаци за подобрување на работата на училиштето и други институции и лица.
- Достојно го претставуваа училиштето пред разни гости во училиштето,
- Исто така, учествуваа во разрешување на конфликтни ситуации со родители и ученици, како и во професионалната ориентација на учениците од деветто одделение.
- Учествуваа во спроведување на разни тендери потребни за училиштето и други активности.

**Училишниот психолог** својата работа ја извршуваше како вработена во ова училиште три пати седмично, а дополнуваше два дена во училиштето „Јонче Смугрески“ во село Обршани, Кривогаштанска општина.

Својата годишна програма ја реализира преку соработка со: директорот, педагогот, наставниците, учениците, родителите, помошниот персонал, колеги и институции надвор од училиштето.

Во својата активност користеше повеќе методи на работа: разни психолошки тестирања и ретестирања, информативни, советодавни и инструктивни разговори со ученици и родители, изработка на теоретски стручни материјали за ученици, наставници и родители. Реализираше предавања пред ученици, наставници, родители. Учествуваше во изработка на Годишната програма на училиштето. Го изработи Годишниот извештај на училиштето (табеларен, статистички, теоретски). Учествуваше и во уписот на првоодделенците. Водеше педагошко досие за наставниците и го комплетираше нивното индивидуално портфолио, како и ги заменуваше доколку интервентно изостануваат. Изработуваше разни списоци и статистички извештаи, како и одговарање на разни електронски прашалници. Ја изработи „Брошурата од училиштето“. Исто така ги проверуваше Годишните планирања од наставниците, истражуваше и ги обучуваше учениците: со реферат преку раководителите на паралелките. За учениците од девтто одделение реализира предавање и прашалник за професионалните интереси, како и известување за Конкурсот за упис во средните општински училишта. Психологот својата работа ја прошири и како координатор на Тимот за учебниците за учениците. Одржа неколку состаноци со Ученичкиот парламент.

Реализираше индивидуални средби со родителите и на Совет на родители, како и во „Групното Советување на родители и ученици“ чии ученици оваа учебна година имаа по три и повеќе слаби оцени.

Усовршувањето на психологот се одвиваше преку следење на стручна литература, многу вебинари и други електронски обуки.

**Училишниот педагог** во нашето училиште дополнува два дена седмично, од ООУ„Јонче Смугрески“ од село Обршани. Во текот на учебната година, согласно со својата годишна програма, ги реализира предвидените содржини и активностите по подрачја. Во реализацијата на својата програма соработуваше со директорот, психологот, наставниците, учениците, родителите и со колеги и институции надвор од училиштето.

За реализација на својата програма ги користеше следните методи: советодавна работа со ученици, наставници и родители, предавања пред наставници и за родители, посета на часови кај наставниците, проверување на Годишните планирања на наставниците.

Педагогот континуирано се надградува преку учество на електронски семинари и обуки и преку следење на стручна литература.

## ОЦЕНУВАЊЕ

При оценувањето се користат стандардите и критериумите изготвени од БРО, во координација со сознанијата стекнати на обуките во рамките на Проектот за основно образование – компонента за Унапредување на оценувањето на учениците.

Оценувањето се изведува формативно и сумативно при што се применува Етичкиот кодекс за оценување.

Учениците од првиот период( I, II и III одделение) се оценуваат описно - на крајот од прво полугодие добиваат евидентен лист, а на крајот од учебната година добиваат свидетелство со описни оценки. Учениците од вториот период ( од IV до VI одделение) на крајот од прво полугодие добиваат евидентен лист со описни оцени, а на крајот од учебната година свидетелство со бројчани оценки. Додека учениците од третиот период (од VII до IX одделение) во текот на учебната година се оценуваат бројчано по задолжителните и изборните предмети.

Споредба на успехот за последните три години:

Во учебната **2019/20** година средниот успех на учениците од прво до деветто одделение на крајот од прво тромесечие изнесуваше 3,46. По прво полугодие изнесуваше **3,58**. После трето тромесечие средниот успех од седмо до деветто одделение изнесуваше 3,51. На крајот од учебната година успехот изнесува **4,10.**

**Во 2020/2021 година**

| СРЕДЕЕН УСПЕХ 2020/21 | Четврто одд | Петто | Шесто | СЕДМО ОДД | ОСМО ОДД | ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ | ВКУПНО СРЕДЕН УСПЕХ ОД 4-9 ОДД. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прво тромесечие 2020/21** | | | | 3,44. | 3,16. | 3,84 | **3,48** |
| **Прво полугодие 2020/21** | | | | 3,69 | 3,23 | 3,99 | **3,64** |
| **Трето тромесечие 2020/21** | | | | 3,76 | 3,19 | 3,84` | **3,60** |
| **Крај на учебна 2020/21** | **4,30** | **4,85** | **3,73** | **3,90** | **3,47** | **4,28** | **4,09** |

**Спредбено, очигледно е дека успехот е подобрен на крајот од прво полугодие од учебната 2020/21 година, а скоро изедначен на крајот од учебната година.**

Оваа **2021/2022** учебна година беше постигнат следниот успех:

| СРЕДЕЕН УСПЕХ | Четврто одд | Петто | Шесто | СЕДМО ОДД | ОСМО ОДД | ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ | ВКУПНО СРЕДЕН УСПЕХ ОД 4-9 ОДД. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прво тромесечие 2021/22** | | | | 3,43 | 3,20 | 3,11. | **3,25** |
| **Прво полугодие 2021/22** | | | | 3,57 | 3,47 | 3,15 | **3,39** |
| **Трето тромесечие 2021/22** | | | | 3,44 | 3,26 | 3,11 | **3,27** |
| **Крај на учебна година 2021/22** | 4,15 | 4,36 | 4,22 | 3,70 | 3,65 | 3,58 | **4,03** |

**Оваа учебна година успехот е подобрен на крајот од прво и второ полугодие, ако го споредуваме со успехот на тромесечијата од истата година, но спореден со минатата учебна година (кога учениците од предметна настава учеа online) е послаб.**

Што се однесува до **изостаноците на учениците,** на крајот од учебната **2018/19** учебна година направени се вкупно **2894** (2828 оправдани и 66 неоправдани изостаноци).

Додека **2019/20** учебна година, на крајот беа направени **2162 изостаноци** (2128 оправдани и 34 неоправдани). Очигледна е разликата – 2019/20 година се помалку, но треба да се земе предвид што за време на вонредната состојба заради корона вирусот наставата се одвиваше од дома. Немавме континуирно отсуствување на учениците.

Минатата **2020/21** учебна година, кога учениците од одделенска настава учеа со физичко присуство, а во предметна online, направени се само **вкупно 668** изостаноци, од кои 649 оправдании 19 неоправдани. Најмногу има во прво одделение, а во VII и IX нема воопшто изостаноци. Значи, online наставата придонесе да се намалат изостанувањата на учениците.

**Оваа учебна 2021/2022 година, споредбено бројот на изостаноци изнесува:**

**Во прво полугодие 2021/22 година**

| Наставен јазик | Одд. / Вид. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | оправдани | 197 | 402 | 132 | 102 | 98 | 292 | 378 | 449 | 584 | 2634 |
| | неоправдани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 9 | 13 |
| | се | 197 | 402 | 132 | 102 | 98 | 292 | 378 | 453 | 593 | 2647 |

**По трето тромесечие 2021/22:**

| Наставен јазик | Одд. / Вид. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | оправдани | 0 | 0 | 16 | 0 | 43 | 106 | 31 | 227 | 150 | 573 |
| | неоправдани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 5 |
| | се | 0 | 0 | 16 | 0 | 43 | 106 | 31 | 230 | 152 | 578 |

**На крајот од учебната 2021/22 година:**

| Наставен јазик | Одд. / Вид. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | оправдани | 206 | 363 | 155 | 44 | 148 | 416 | 529 | 680 | 747 | 3288 |
| | неоправдани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 17 | 22 |
| | се | 206 | 363 | 155 | 44 | 148 | 416 | 529 | 685 | 764 | 3310 |

## З А К Л У Ч О К

Целта на Годишната програма што ја поставивме за оваа учебна година е успешно реализирана, а секако секогаш може и повеќе и подобро. Карактеристично за оваа учебна година, второто полугодие отпочна покасно, заради корона вирусот Covid 19, но наставата цела учебна година се водеше со физичко присуство на учениците.

Зедовме учество на натпревари за учениците (општински, регионални, државни, меѓународни), на кои постигнавме завидни резултати.

Учениците, родителите, наставниците, стручните соработници го усовршија електронското комуницирање, кое треба уште повеќе да се зголеми.

Инаку, ефикасно се применуваат стандардите за оценување и критериумите за оценување по сите предмети.

Се подобрија материјално - техничките услови за работа во училиштето, како и училишната клима и култура. Ја ажурираве училишната библиотека, која ни беше во приоритетите уште од минатата учебна година.

Заинтересираноста и посетеноста на семинари, обуки и советувања од страна на: директорот, наставниците и стручната служба е голем, сега дополнет и со електронски обуки.

Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО) и активностите за поттикнување демократска клима во училиштето ќе ни биде дел од приоритетите за наредната учебна година. Ќе имаме континуирана и посеопфатна меѓусебна соработка на учениците, наставниците, родителите, локалната средина и локаната самоуправа.

Исто така, подобрувањето на материјално техничките услови во училиштето и училишната култура, како задача ќе бидат и за наредната учебна година. Ќе тежнееме кон користење современи приоди (форми, методи и техники) во наставата за учење и поучување на учениците, посебно за учење од далечина. Ќе продолжиме со промовирањето на училиштето на регионално, државно и меѓународно ниво.

Нашите активности и континуитетот во работата ќе бидат во склад со реформите на образованието и спроведувањето на законските прописи и норми при работењето на училиштето.

**В.д. Директор**

/ д-р Зоран Петрески /

**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ: „Страшо Пинџур", село Мало Коњари**
Општина: Прилеп
Телефон / факс : 048 / 483 - 418
E-mail: pindzurstraso@yahoo.com
Подрачна единица на БРО - Прилеп

**СТАТИСТИЧКИ**

**Извештај на крајот од учебната 2021/2022 година**

Во училиштето наставата се изведува на македонски јазик

ПРЕГЛЕД

На вкупниот број завршени ученици во I одделение на крајот од

Прво полугодие од учебната 2021/2022 година

| Ред. Бр. | Наставен јазик | Вкупно опфатени ученици | Паралелки | Наставници |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски | 15 | 2 | 2 |
| 2. | Албански | | | |
| 3. | Турски | | | |
| 4. | Српски | | | |

Лице за контакт:

_______________________

Директор:

_______________________

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ: „Страшо Пинџур " Место – село Мало Коњари

*ПРЕГЛЕД*

*На вкупниот број завршени ученици, паралелки* ***(чисти) на крајот*** *од учебната 2021/2022 година*

*Со настава на македонски наставен јазик*

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | I – V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | VI - IX | | I - IX | |
| | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч |
| Централни I - IX | 0 | 0 | 1 | 12 | 0 | 0 | 1 | 7 | 0 | 0 | 2 | 19 | 2 | 17 | 2 | 15 | 2 | 22 | 2 | 17 | 8 | 71 | 10 | 90 |
| Подрачно ГК: I - V | 1 | 11 | 0 | 0 | 1 | 7 | 0 | 0 | 1 | 7 | 3 | 25 | | | | | | | | | | | 3 | 25 |
| Подрачно КС: I - V | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| Вкупно | 1 | 11 | 1 | 12 | 1 | 7 | 1 | 7 | 1 | 7 | 5 | 44 | 2 | 17 | 2 | 15 | 2 | 22 | 2 | 17 | 8 | 71 | 13 | 115 |

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ: „ Страшо Пинџур " Место – село Мало Коњари

*ПРЕГЛЕД*

*На вкупниот број ученици во* ***комбинирани*** *паралелки на крајот од учебната 2021/2022 година - Со настава на македонски јазик*

| **Училишта во:** | **III , V** | | | **II, IV** | | | **I, IV** | | | **III, V** | | | **Вкупно** | | **Вкупно VI, VII VIII, IX** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **III** | **V** | **П** | **II** | **IV** | **П** | **I** | **IV** | **П** | **III** | **V** | **П** | **I до V ученици** | **П** | **Ученици** | **П** |
| Мало Коњари I - IX | 4 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 1 | 0 | 0 |
| Големо Коњари I-V | 4 | 5 | 1 | 2 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 | 2 | 0 | 0 |
| Кадино Село I-V | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 2 | 1 | 2 | 2 | 1 | 10 | 2 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 8 | 10 | 2 | 2 | 4 | 1 | 4 | 2 | 1 | 2 | 2 | 1 | 34 | 5 | 0 | 0 |

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ: „ Страшо Пинџур " Место – село Мало Коњари

*ПРЕГЛЕД*

*На наставниот кадар на крајот од учебната 2021/2022 година*

| Наставен кадар по наст.јазик | Одделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф | наст | учит | неоф. образ. | **се** | проф | наст | учит | неоф. образ. | **се** | |
| Македонски | 9 | 0 | | | **9** | 17 | 2 | | | **19** | **28** |
| Албански | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **9** | **0** | | | **9** | **17** | **2** | | | **19** | **28** |

*ПРЕГЛЕД*

*На раководниот и стручниот кадар на крајот од учебната 2021/22 година*

| Работно место | Завршено образование | | Вкупен работен стаж | Работно искуство како директор, пом.и зам. директор, педагог,психолог, социолог |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВС | | |
| Директор | 1 | | 28 години | 5 месеци |
| Зам.директор | | | | |
| Пом.директор | | | | |
| Рак.на цело подрач.уч. | | | | |
| Педагог | | | | |
| Психолог | 1 | | 27 год.,1месец | 26 год., 1 месец |
| Социолог | | | | |

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ: „ Страшо Пинџур " Место – село Мало Коњари

*ПРЕГЛЕД*

*На* ***изостаноците*** *на учениците на крајот од учебната*

*<u>2021/2022</u> година*

| Наставен јазик | Одд. / Вид. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | оправдани | 206 | 363 | 155 | 44 | 148 | 416 | 529 | 680 | 747 | 3288 |
| | неоправдани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 17 | 22 |
| | се | 206 | 363 | 155 | 44 | 148 | 416 | 529 | 685 | 764 | 3310 |
| Албански јазик | оправдани | | | | | | | | | | |
| | неоправдани | | | | | | | | | | |
| | се | | | | | | | | | | |
| Турски јазик | оправдани | | | | | | | | | | |
| | неоправдани | | | | | | | | | | |
| | се | | | | | | | | | | |
| Српски јазик | оправдани | | | | | | | | | | |
| | неоправдани | | | | | | | | | | |
| | се | | | | | | | | | | |

*ПРЕГЛЕД*

*На испишани ученици на крајот од учебната 2021/22 година*

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж |
| Македонски | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Албански | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ: „ Страшо Пинџур " Место – село Мало Коњари

*ПРЕГЛЕД*

*На **поведението** на учениците на крајот од учебната 2021/2022 година*

| **Одделение** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | СЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 15 | 14 | 13 | 13 | 14 | 17 | 15 | 22 | 17 | 140 |
| Добро | | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | | |
| Вкупно | 15 | 14 | 13 | 13 | 14 | 17 | 15 | 22 | 17 | 140 |

*ПРЕГЛЕД*

*На бројот на учениците со продолжен престој во училиштето*

*на крајот од учебната*

*2021/2022 година*

| Наставен јазик | Целодневен престој | | | Дневен престој | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Групи | Ученици | Наставници | Групи | Ученици | Наставници |
| Македонски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Албански | | | | | | |
| Турски | | | | | | |
| Српски | | | | | | |

*ПРЕГЛЕД*

*На бројот на учениците кои користат **исхрана** на крајот од учебната 2021 /2022 година*

| Наставен јазик | Исхрана во училишна кујна | Друг вид на организирана исхрана | Самоиницијативно од учениците |
|---|---|---|---|
| Македонски | 0 | 0 | 140 |
| Албански | | | |
| Турски | | | |
| Српски | | | |

**Успех од учениците на крајот од 2021/2022 година, ООУ„ Страшо Пинџур " село Мало Коњари**

| одд. | Вкупно ученици | | Одлични | | Мн.добри | | Добри | | Доволни | | Со слаби оц. | | Описно | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | Ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | | |
| I | 15 | 7 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 15 | 0 |
| II | 14 | 7 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0.00 | 14 | 0 |
| III | 13 | 7 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 13 | 0 |
| IV | 13 | 5 | 7 | 54,00 | 2 | 15,00 | 3 | 23,00 | 1 | 7,60 | 0 | 0,00 | 0 | 4,15 |
| V | 14 | 7 | 7 | 50,00 | 5 | 36,00 | 2 | 14,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 4,36 |
| **I-V** | **69** | **33** | **14** | **52,00** | **7** | **25,50** | **5** | **18,50** | **1** | **1,40** | **0** | **0,00** | **42** | 4,26 |
| VI | 17 | 11 | 11 | 65,00 | 2 | 12,00 | 4 | 24,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 4,22 |
| VII | 15 | 9 | 4 | 27,00 | 5 | 33,00 | 6 | 40,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 3,73 |
| VIII | 22 | 9 | 4 | 18,00 | 8 | 36,00 | 10 | 45,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 3,65 |
| IX | 17 | 5 | 2 | 12,00 | 7 | 41,00 | 8 | 47,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 3,58 |
| **VII-IX** | **71** | **34** | **21** | **30,50** | **15** | **30,50** | **20** | **39,00** | **0** | **0,00** | **0** | **0,00** | **0** | **3,79** |
| I-IX | 140 | 67 | 35 | 41,25 | 22 | 28,00 | 25 | 28,75 | 1 | 1,40 | 0 | 0,00 | 42 | 4,03 |

Изработил:Лидија Недеска Лажовска

Споредба по одделенија

| | |
|---|---|
| IV | 4,15 |
| V | 4,36 |
| VI | 4,22 |
| VII | 3,73 |
| VIII | 3,65 |
| IX | 3,58 |




вд Директор д-р Зоран Петрески

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 02-128/2
05.07.22 год.
с. МАЛО КОЊАРИ ПРИЛЕП

Врз основа на член 122 став 2 алинеа 8 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019 година), Наставничкиот совет при ООУ„Страшо Пинџур" село Мало Коњари - Прилеп, на својата седница одржана на ден 05.07.2022 година, го даде следното:

**М И С Л Е Њ Е**

Наставничкиот Совет при ООУ„Страшо Пинџур" село Мало Коњари - Прилеп, на својата седница одржана на ден **05.07.2022** година, го разгледа **Годишниот извештај за работата на училиштето за учебна 2021/2022** година согласно Законот за основно образование.

В.д.директорот пред членовите на Наставничкиот Совет го презентираше Предлог Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2021/2022 година.

Наставничкиот Совет при ООУ„Страшо Пинџур" село Мало Коњари - Прилеп, го разгледа и **ДАДЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПРЕДЛОГ ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА.**

Истиот да се достави до Советот на ЕЛС на Општина Прилеп за негово конечно усвојување.

Мало Коњари
05.07.2022 г.

П р е т с е д а т е л
на Наставнички совет – в.д.Директор

/ д-р Зоран Петрески /

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 02 - 124/3
07. 07. 2022 год.
с. МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

Врз основа на член 127 став 4 алинеа 2 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ" бр.161/2019), Советот на родители при ООУ„Страшо Пинџур" село Мало Коњари – Прилеп, на својата седница одржана на ден 07.07.2022 година го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

На седницата одржана на ден 07.07.2022 година, Советот на родители при ООУ„Страшо Пинџур" село Мало Коњари – Прилеп, го разгледа Предлог **Годишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2021/2022** година согласно Законот за основно образование.

Директорот пред членовите на Советот на родители го презентираше Предлог Годишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2021/2022 година по програмски подрачја.

Советот на родители при ООУ„Страшо Пинџур" село Мало Коњари - Прилеп го разгледа и **ДАДЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПРЕДЛОГ ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА.**

Истата да се достави до Советот на ЕЛС на Општина Прилеп за нејзино усвојување.

с. Мало Коњари
07.07.2022 г.

П р е т с е д а т е л
на Совет на родители
/ Анета Каралиоска /

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 02 - 130/4
07. 07. 2022 год.
с. МАЛО КОЊАРИ ПРИЛЕП

Врз основа на член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019 година), Училишниот одбор на ООУ„Страшо Пинџур" село Мало Коњари - Прилеп, на својата седница одржана на ден 07.07.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За усвојување на Предлог Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2021/2022 година**

Член 1

Училишниот одбор при ООУ„Страшо Пинџур" село Мало Коњари - Прилеп на својата седница одржана на ден 07.07.2022 година го разгледа Предлог Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2021/2022 година и донесе Одлука за усвојување на истиот.

Образложение

Училишниот одбор на ООУ„Страшо Пинџур" село Мало Коњари - Прилеп, согласно Законот, на седницата одржана на ден 07.07.2022 година, го разгледа Предлог Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2021/2022 година и донесе Одлука како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател
на УО во ООУ„ Страшо Пинџур"
с.Мало Коњари - Прилеп

/ Александар Божиноски /

Република Северна Македонија-Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР с. Мало Коњари, Прилеп

| ПРИМЕНО: | 01 | 09 | 2022 |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
| 03 | 159/1 | | |


Врз основа на член 108 став 1 точка 2 од Законот за основното образование ("Службен Весник на РСМ" бр. 161/2019; 229/2020), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 26.08.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Мало Коњари -Прилеп, за учебната 2021/2022 година

член 1

Со оваа одлука се усвојува Годишниот Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Мало Коњари -Прилеп, за учебната 2021/2022 година

член 2

Одлуката да се достави до ООУ „Страшо Пинџур“ с.Мало Коњари -Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ‘’Службен гласник на Општина Прилеп’’.

Број 09-2779/39
26.08.2022 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Дејан Проданоски